multi cultural communication

REVIEWED September2004 NSWMulticulturalHealthCommunicationService

Macedonian
November 2001
[BHC-5975]

# Дали треба да одите во одделот за итна помош - или може да ви помогне семејниот лекар?

## Do you need a hospital emergency department - or can your local doctor help?

Важно е на луѓето да им биде јасно за тоа каква е улогата на одделенијата за итна медицина. Тие се наменети за сериозни итни случаи, како автомобилски несреќи или срцеви удари, и за помалку итни проблеми. Ако знаете како работат одделенијата за итни случаи и кои се другите служби на кои што можете да им се обратите, ќе се намали времето на чекање и ќе помогне побрзо да добиете медицинска помош. Времето на чекање во одделенијата за итни случаи зависи од тоа колку е итен вашиот проблем – луѓето со посериозни проблеми имаат приоритет во однос на луѓето со помалку итни проблеми.

**На кое друго место можам да одам за совет или за преглед?**
Општиот, или, таканаречениот, семеен лекар, најчесто е првото лице што ќе ви пружи медицинска помош. Многумина од овие лекари работат во здравствени центри што се отворени и подоцна во денот, или, дури, и 24 часа во денот. Ако одите на преглед кај општ лекар за не–итни проблеми, наместо да одите во одделот за итна помош, помалку ќе чекате за преглед и ќе помогнете да се намали товарот врз услугите за итна помош. Во многу места има и општествени здравствени центри каде што персоналот е составен од школувани стручни лица кои нудат разни бесплатни услуги. За повеќе информации јавете се во локалниот Општествен центар (Community Health Centre – под буквата “C” во телефонскиот именик).

**Што се случува кога ќе стигнете во одделот за итна помош?**
Прво ќе разговарате со рецепционистот, а потоа со “тријажната” сестра. Имате право да побарате преведувач – и ако ви треба, кажете им веднаш на персоналот. Рецепционистот ќе ви побара:

* Madicare карта (или Health Care Card, ако имате)
* податоци, како името, адресата и името на семејниот лекар. Тоа на болничкиот персонал ќе му помогне да го побара вашето медицинско досие со податоци.

Тријажната сестра е специјално обучено медицинско лице чија работа е да ги распореди случаите според итноста. Како и докторите, сестрите во одделот за итна помош се високошколувани и квалификувани стручни лица со специјална обука во нега за итна помош. Во некои случаи сестрите ќе почнат со лечењето на пациентот пред тој/таа да биде прегледан од доктор.

**Колку долго треба да чекам ако дојдам во одделот за брза помош?**
Кај докторите од одделот за брза помош не може да се закаже преглед за итна помош. Ако некој од луѓето кои чекаат биде повикан за преглед побрзо од другите кои чекале подолго време, тоа е затоа што нивната ситуација е посериозна. Само затоа што ве довеле со амбулантна кола, не значи дека веднаш ќе ве прегледаат – ако има други поитни случаи. Други причини зошто може да биде чекањето се:

* Дознавање на сите податоци што се потребни за да се изврши целосен увид на здравствената состојба на пациентот може да одземе еден до два часа. На пример, може да е потребно да се направи рентгентска снимка или некои тестови за да се дознае повеќе за здравствената состојба.
* Ако треба да останете во болница, може да одземе неколку часа за да се организира слободен кревет (за тоа време ќе бидете добро згрижени).

**Што да правам додека чекам?**
* Ако сте пациент, болничкиот персонал може да ви рече ништо да не јадете или да пиете додека да ве прегледа докторот. Ако не ви е добро или вашата состојба се промени (или ако се чувствувате подобро и сакате да си одите), известете ја тријажната сестра.
* Придржувајте се на упатствата на персоналот додека сте во посета. Со тоа што ќе ги почитувате насоките на персоналот, тој ќе може да понуди најдобра можна нега.

Ве молиме, немојте да заборавите дека одделот за итна помош е место каде што доаѓаат луѓе со голем стрес и персоналот е под притисок да им помогне прво на најитните случаи. Дури и ако сте загрижени и нервозни заради долгото чекање, агресивното однесување кон персоналот од одделението за итна помош, вклучувајќи ги и насилните напади врз болничарките, нема да се толерира. Разлутените напади и пречење од страна на пациентите или роднините, само ќе создадат подолго чекање.

**Што следи откако ќе си одам од одделот за итна помош?**
Болницата на пациентот ќе му даде план во кој ќе биде објаснето за натамошната нега и кога да оди на повторен преглед. Ако е потребно медицинско уверение или писмо во врска со здравствената состојба на пациентот или лечењето, замолете ги сестрите да ви го дадат пред да си одите.

Ако ви треба помош да се јавите на англиски, најпрво јавете се во Службата за преведување (TIS) на 131 450.

Повеќе информации од областа на здравството на македонски јазик можете да најдете на вебсајтот на Multicultural Communication на <http://mhcs.health.nsw.gov.au>.

Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.